**О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**07 Декември 2020 година, Гевгелија    Број 15   Година XXXIX**

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 04.12.2020 година, по расправата за Нацрт-Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се утврдува Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година се става на јавна расправа и се објавува на ВЕБ-страната на Општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1831/1
04.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 04.12.2020 година, по расправата за Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2021 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.По Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2021 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-1832/1
04.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 04.12.2020 година, по расправата за Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот,

## ЗАКЛУЧОК

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2021 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.По Нацрт-програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2021 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1833/1
04.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 40 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), и член 125 став (2) и (3) од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/07, 13/07 и 14/20год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 04.12.2020 год., расправајќи по предлогот на Комисијата за прашања на избори и именувања, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За формирање Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2021 година**

1.Со ова Решение се формира Комисија од пет члена за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија.

2.За членови на горенаведената Комисија се именуваат:

- **Перо Стојанов (претседател),**
- **Александра Кочева (член),**
- **Тихомир Ручкоманов (член),**
- **Игор Илков (член),**
- **Томе Кичуков (член).**

3.Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2021 година се задолжува да ги собира, анализира и внесува во Програмата сите задачи и работи коишто се поднесени до Советот на Општина Гевгелија од страна на овластените предлагачи.

4.Се задолжува Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2021 година да ги известува задолжените субјекти да ги достават актите и материјалите од својот делокруг на разгледување и усвојување пред Советот на Општина Гевгелија во зацртаниот рок во Програмата.

5.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1834/1
04.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 18 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка ("Сл. весник на РМ" бр.79/09год.), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр.05/02год.), членовите 1, 9 и 10 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. Весник на РМ" бр.38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 53/11, 97/10, 62/13, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 04.12.2020 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за основање на заедничко јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња

### Член 1
Со оваа Одлука се основа заедничко јавно претпријатие за општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица за заловување и третман на бездомни кучиња.

### Член 2
Заедничкото јавно претпријатие е со назив Јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА" Струмица, (фирма) со скратен назив ЈПЗБК „АСТРА-ЛУНА" Струмица.

Седиште на Заедничко јавно претпријатие е во Струмица, во Индустриска зона Сачево.

### Член 3
Средства за основање и почеток со работа на претпријатието се во висина од 1.924.200,00 денари во опрема.

### Член 4

Средствата за финансирање и редовно работење на Заедничкото јавно претпријатие ќе се обезбедат од:

- Буџетите на општините основачи на претпријатието соодветно и пропорционално од секоја општина за што секој Совет на општината ќе донесе посебна одлука по предлог на Советот за развој на Југоисточниот плански регион,
- Од донации и спонзорства,
- Од давање на услуги за кои е основано претпријатието.

**Член 5**

Советите на општините основачи на Заедничкото јавно претпријатие со посебен акт ќе ги утврдат висината на средствата за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие, најдоцна во рок од 60 дена од донесувањето на оваа одлука.

**Член 6**

Дејноста на Заедничкото јавното претпријатие е заловување и третман на бездомни кучиња на подрачјето на општините основачи на оваа претпријатие, односно подрачјата на општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица.

Согласно националната класификација на дејности на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња, ќе врши претежна дејност - 75.0 ветеринарна дејност утврдена во НКД како комунална дејност и тоа:

- Преземање на соодветни мерки се со цел ефикасна заштита на бездомните кучиња;
- Редовно хранење и напојување доколку е неопходно лекување на кучињата;
- Вршење контрола на бездомни кучиња во општините од Југоисточниот регион;
- Привремено сместување во прифатилиштето каде доколку е потребно да се кастрираат, здравствено да се третираат, да се изврши здравствена заштита и тест за социјализација согласно прописите од областа на ветеринарното здравство по што истите треба да се вдомат или вратат во областа од каде биле заловени;
- Вршење на еутаназација;
- Одбележување на бездомните кучиња со микрочип за идентификација;
- Да се применуваат и други методи за контрола на бездомните кучиња во Југоисточниот регион;
- Изготвување на повеќегодишен план и програма врз основа на кој ќе се врши контрола на бездомните кучиња и истата да се достави до Агенцијата за храна и ветеринарство на одобрување.

Заедничкото јавно претпријатие не може да врши промена на дејност, статут, називот и седиште без согласност на основачите.

**Член 7**

Заедничкото јавно претпријатие се организира на начин што ќе обезбеди:

- Техничко – технолошко и економско единство на системот;
- Ефикасност и транспарентност во работењето;

- Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и
- Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

**Член 8**

Заедничкото јавно претпријатие се организира како единствено јавно претпријатие со можност да формира подружница **за општините Гевгелија, Богданци, Дојран и Валандово,** за што Управниот одбор на претпријатието ќе донесе посебна одлука на која основачите ќе дадат согласност.

**Член 9**

Се ОВЛАСТУВА лицето Софче Јанева од Струмица, ул. „Јанко Цветинов„ бр. 16 со ЕМБГ_______________, да ги извршува работите на Заедничкото јавно претпријатие до неговото конституирање.

Овластеното лице ќе ги врши работите за запишување на Заедничкото јавно претпријатие во Централен Регистар на РСМ и ќе ги превземе сите мерки и активности за упис во Централен Регистар на РСМ во согласност со законите се до избор на директор на заедничкото јавно претпријатие.

**Член 10**

Органите на Заедничкото јавно претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење и Директор.

**Член 11**

Управниот одбор на Заедничкото јавното претпријатие се состои од пет (5) члена. Во Управниот одбор основачот именува односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручнаци во областа на предметот на работењето на Заедничкото јавно претпријатие, имајќи во предвид соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од четири (4) години.

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Советот за развој на Југоисточниот плански регион, **на предлог на Советите на општините основачи**.

**Член 12**

Управиот одбор на Заедничкото јавното претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со законот:

1. Го донесува Статутот на заедничкото јавно претпријатие;
2. Ја усвојува Програмата за работа и развој на Заедничкото јавно претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ја усвојува Годишната завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие;
5. Го усвојува Извештајот за работењето на Заедничкото јавно претпријатие;

6. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на заедничкото јавното претпријатие и покривање на загубите;
7. Ги донесува Одлуките за инвестиции;
8. Ги утврдува цените на производите и услугите;
9. Одлучува за Внатрешната организација на Заедничкото јавното претпријатие и
10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на заедничкото јавно претпријатие.

**Член 13**

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.
Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

**Член 14**

За вршење контрола на материјално – финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола на материјалното – финансиско работење составен од пет (5) члена.

Членовите на надзорниот одбор ги именува и разрешува Советот за развој на Југоисточниот плански регион на предлог на Советите на општините основачи.

За членови на Надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование, кои поседуваат знаење и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

**Член 15**

Директоротот го избира градоначалникот на општината на чие подрачје е седиштето на заедничкото јавно претпријатие по предлог од комисијата од три члена, која ќе ги разгледува пристигнатите пријави формирана од Советот за развој на Југоисточниот плански регион во постапка утврдена со закон.

**Член 16**

Конституирањето на органите на Заедничкото јавно претпријатие ќе се изврши во рок од шеесет (60) дена од денот на отпочнување на оваа Одлука.

**Член 17**

Управниот одбор во рок од шеесет (60) дена од денот на неговото конституирање ќе го донесе Статутот на Заедничкото јавно претпријатие на кое согласност даваат основачите на советите на општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица.

Со статутот на Заедничкото јавно претпријатие поблиску ќе се уреди организацијата, управувањето и раководењето со заедничкото јавно претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување, како и други прашања од значење за заедничкото јавно претпријатие.

**Член 18**

Одлуките на органите на Заедничкото јавно претпријатие ќе се спроведуваат на единствен начин за основачите.

**Член 19**

Заедничкото јавно претпријатие за обврските во правниот промет со трети лица одговара со целиот свој имот.

Заедничкото јавно претпријатие со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во Трговскиот Регистар.

**Член 20**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија", а ќе се применува откако сите десет општини основачи ќе донесат одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие.

Бр.09-1835/1
04.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 04.12.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за давање согласност на Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"- Гевгелија за периодот 01.01.2020г. – 30.09.2020 година

1.**Се дава согласност** на Извештајот за финансиското работење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2020 год. – 30.09.2020 година, со посебен осврт на периодот 01.07.2020-30.09.2020 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-1525/2 од 18.11.2020 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1836/1
04.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 04.12.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

## за донесување на Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Конечен Урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија плански период 2020-2025 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

### Член 2

Конечниот Урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија плански период 2020-2025 година од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 1,96 ха.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на постојните и новопланирани сообраќајници согласно Регулацискиот план на ГУП на Град Гевгелија, Измени и дополнување, 2011-2021 год. за Блок 15 плански период 2020-2021, Општина Гевгелија, и истата се движи како што следи:

- на **север** границата започнува од најсеверната точка 1 и се движи во западен правец по оска на собирна улица "Новопланирана 1" (планиран профил на собирна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Гевгелија, Измени и дополнување, 2011-2021 год. за Блок 15 плански период 2020-2021, Општина Гевгелија, сè до точка 9;
- на **северозапад** границата започнува од точка 9 и се движи во јужен правец по јужната граница на постојниот канал се до најзападна точка 24.
- на **југ** границата започнува од најјужната точка 25, се движи во југоисточен правец по оска на сервисна улица " СЕ-6 ", (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Гевгелија, Измени и дополнување, 2011-2021 год. за Блок 15, Општина Гевгелија, за плански период 2020-2021 год), сè до најисточна точка 30;
- на **исток** границата започнува од најисточна точка 30, се движи во северен правец по оска на сервисна у лица " СЕ-2 ", (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Гевгелија, Измени и дополнување, 2011-2021 год. за Блок 15, Општина Гевгелија, за плански период 2020-2021 год), сè до почетната точка 1.

Најсеверна е точката број 1, со координати Y= 7625419,203 и X= 4556528,4010.

Најзападна е точката број 24, со координати Y= 7625209,3830 и X= 4556288,2080.

Најјужна е точката број 25, со координати Y= 7625211,9520 и X= 4556276,4620.

Најисточна е точката број 30, со координати Y= 7625456,4560 и X= 4556401,0810.

**Член 3**

Просторот опфатен со Конечниот Урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија плански период 2020-2025 година, е со следните намени:

А2 – домување во станбени згради
Б2 – големи трговски единици
Д2 – заштитно зеленило
Е2 – комунална супраструктура /ТС/
Е1 – комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)

**Член 4**

Просторот опфатен со Конечниот Урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија плански период 2020-2025 година се состои од текстуален и графички приказ и Извештајот од спроведената јавна анкета за урбанистичкиот план, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Урбанистичкиот план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија плански период 2020-2025 година по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1837/1
04.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14и 13/20г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 04.12.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

**за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат за исплата финансиски средства **во износ од 100.000,оо денари**, за делумно подмирување на трошоците за лекување и престој во Турција на лицето Ѓорги Џонов со стан на ул."Лазар Колишевски" бр.6, с.Пирава – општина Валандово.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година од Основниот буџет, програма Д0-Градоначалник, потставка 464990-Други трансфери, а ќе се преведат на име Ѓорги Џонов, Наменска жиро-сметка: 200002334814048, Депонент во Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09- 1838/1
04.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

# СОДРЖИНА:

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.Заклучок за утврдување на Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година......782

2.Заклучок за утврдување на Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2021 година......782

3.Заклучок за утврдување на Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2021 година......783

4.Решение за формирање Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2021 година......783

5.Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња......784

6.Решение за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2020г. – 30.09.2020г., со посебен осврт на периодот 01.07.2020 г. – 30.09.2020 година......788

7.Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година......789

8.Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година......790

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи, ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија